С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 8 година XLV

28 јуни 2011

97.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за издавање под закуп на недвижен имот -објект „Сателитска станица“ сопственост на Општина Велес

Се објавува Одлуката за издавање под закуп на недвижен имот-објект „Сателитска станица“ сопственост на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 24.06.2011 година.

Број 08-3831/1
28.06.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 24.06.2011 година, донесе

О Д Л У К А
за издавање под закуп на недвижен имот –објект „Сателитска станица“ сопственост на Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува начинот на издавање под закуп на недвижен имот –објект „Сателитска станица“ сопственост на Општина Велес кој се наоѓа на КП 309 со површина од 41м^2 и е заведен во ИЛ 513 за КО Башино Село во м.в. „Зад Црква“.

Член 2

Издавањето под закуп на предметниот објект од член 1 на оваа Одлука, ќе се врши по пат на јавно наддавање за период од 5 години и со утврдена почетна цена на наддавањето од 85 евра.

Член 3

Постапката за јавното наддавање ќе ја спроведува Комисија формирана од страна на Советот на Општина Велес.

Комисијата ја сочинуваат 3 члена избрани од редот на членовите на Советот (два члена) и од општинската администрација (еден член).

Член 4

Комисијата по спроведувањето на постапката за избор на најповолен закупувач, доставува извештај до Советот на Општина Велес.

Член 5

По спроведувањето на постапката за избор на најповолен закупувач се задолжува Градоначалникот да го склучи договорот за закуп и истиот да се солемнизира пред нотар.

Член 6

Оваа Одлука стапува во сила наредниот ден од денот на нејзиното објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-3785/2
27.06.2011 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

98.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2011 година

Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2011 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 24.06.2011 година.

Број 08-3831/2
28.06.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална та самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002 година) и член 45 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Велес (Службен гласник на Општина Велес бр12/06 година), Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.06.2011 година, донесе

О Д Л У К А
За измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Велес
за 2011година

Член1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средства во Буџетот на општина Велес за 2011 година И тоа на следниот начин :

Потпрограма Потставка		Буџет	Самофин.	Донации	Дотации	Кредити
А00	**СОВЕТ НА ОПШТИНА**					
427110	Привремени вработувања	100.000	0	0	0	0
Е00	**ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА**					
		1.000.000	0	0	0	0
		100.000	0	0	0	0
		-700.000	0	0	0	0
		-300.000	0	0	0	0
		-200.000	0	0	0	0
		0	**0**	**0**	**0**	**0**

Член2

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Велес и станува составен дел на Буџетот на општината за 2011 година.

Претседател
на Советот на Општина
СЛАВЧО ЧАДИЕВ

Број 07-3785/3
27.06.2011
Велес

99.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за работењето на ЈКП „Дервен“ во периодот од I до III месец 2011 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работењето на ЈКП „Дервен“ во периодот од I до III месец 2011 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.06.2011 година.

Број 08-3831/3
28.06.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.06.2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештај за работењето на ЈКП „Дервен“ во периодот од I до III месец 2011 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Извештајот за работењето на ЈКП „Дервен“ во периодот од I до III месец 2011 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-3785/4
27.06.2011 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

100.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за работата со финансиски резултати на ЈПССО „Парк спорт“ за периодот од 01.01.2011 до 31.03.2011 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата со финансиски резултати на ЈПССО „Парк спорт“ за периодот од 01.01.2011 до 31.03.2011 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.06.2011 година.

Број 08-3831/4
28.06.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.06.2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештај за работата со финансиски резултати на ЈПССО „Парк Спорт“ Велес за периодот од 01.01.2011 до 31.03.2011 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Извештајот за работата со финансиски резултати на ЈПССО „Парк Спорт“ Велес за периодот од 01.01.2011 до 31.03.2011 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-3785/5
27.06.2011 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

101.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за формирање Комисија за стипендирање на талентирани ученици и студенти

Се објавува Решението за формирање Комисија за стипендирање на талентирани ученици и студенти, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.06.2011 година.

Број 08-3831/5
28.06.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 32, точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 05/02) и член 33 и 34 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10), а во согласност со член 3 од Одлуката за утврдување начин на стипендирање на талентирани ученици и студенти во Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 07/11)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.06.2011 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за формирање Комисија за стипендирање на талентирани ученици и студенти

1. Со ова Решение се формира Комисија за стипендирање на талентирани ученици и студенти во состав :
   - Вангелица Гаврилова,
   - Валентина Јовева,
   - Панче Иванов,
   - Весна Стојанова Богоевска и
   - Петре Саздов

2. Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти, изготвува Годишна програма во која ќе бидат утврдени начинот и постапката за спроведување на јавниот оглас, критериумите и бројот на стипендијанти за учебната година, во која ќе се врши стипендирањето на талентирани ученици и студенти.

3.Комисијата донесува Деловник за работа со кој поблиску се уредува начинот на нејзината работа.

4.Комисијата е должна најдоцна до септември во тековната година да го спроведе јавниот оглас за избор на талентирани стипендијанти во Општина Велес за соодветната учебна година.

5.За својата работа Комисијата поднесува наративен извештај и предлог Одлука за стипендирање на талентирани ученици и студенти до Советот на Општина Велес.

6.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-3785/6
27.06.2011 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

102.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за формирање Комисија за распределба на простории-сопственост на Општина Велес на невладини организации, здруженија на граѓани и фондации

Се објавува Решението за формирање Комисија за распределба на простории-сопственост на Општина Велес на невладини организации, здруженија на граѓани и фондации, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.06.2011 година.

Број 08-3831/6
28.06.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 32, точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 05/02) и член 45, ства 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10), а согласно Правилникот за користење на простории од страна на здруженија и фондации Велес („Сл.гласник на Општина Велес бр. 8/04“)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.06.2011 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за формирање Комисија за распределба на простории сопственост на Општина Велес на невладини организации, здруженија на граѓани и фондации

1.Со ова Решение се формира Комисија за распределба на простории сопственост на Општина Велес на невладини организации, здруженија на граѓани и фондации во состав :

- Славчо Чадиев, претседател и членовите:
- Томе Јаневски и
- Дејан Арсовски

2. Комисијата својата работа ќе ја изврши врз основа на Правилникот со кој се уредува постапката за утврдување на корисници, критериумите и начин на користење на просториите од страна на здруженија на граѓани и фондации.

3. Комисијата е должна да го спроведе јавниот оглас за избор на здруженија на граѓани и фондации во Општина Велес кои би добиле простории на користење, сопственост на Општина Велес.

4.За својата работа Комисијата поднесува наративен извештај и предлог решение за избор на корисници на простории до Советот на Општина Велес.

5.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-3785/7
27.06.2011 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

103.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за формирање Совет на потрошувачи

Се објавува Решението за формирање Совет на потрошувачи, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.06.2011 година.

Број 08-3831/7
28.06.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 126 од Законот за заштита на потрошувачите („Сл.весник на РМ“ бр. 38/04, 77/07, 103/08 и 24/11), член 32, точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 05/02) и член 33 и 34 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10).

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.06.2011 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за формирање Совет за заштита на потрошувачите

1. Со ова Решение се формира Совет за заштита на потрошувачите, во состав:

- Марина Мијајлевска,
- Билјана Тевчева Кошинова и
- Бејхан Мемедов –членови на Советот на Општина Велес
- Јовица Андовски –претставник од Ротари клуб- Велес,
- Ленче Пушева –раководител во УЈП-Велес,
- Сузана Мурџева –претставник од НВО и
- Радица Маневска –претставник од ЈКП „Дервен“.

2. Советот за заштита на потрошувачите, изготвува локална двегодишна програма за заштита на потрошувачите во согласност со Програмата за заштита на потрошувачите на Владата и ја доставува на усвојување до Советот на Општината.

3. Советот донесува Деловник за работа со кој поблиску се уредува начинот на неговата работа.

4. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-3785/8
27.06.2011 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

104.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за разрешување член на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес

Се објавува Решението за разрешување член на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 26.04.2011 година.

Број 08-3831/8
28.06.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 17, став 3 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр. 38/96,06/02,40/03 и 49/06), член 36, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 05/02), и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.06.2011 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување член на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес

1.Од должноста член на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес се разрешува:

- Бобан Пановски

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-3785/9
27.06.2011 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

105.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за именување член на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес

Се објавува Решението за именување член на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.06.2011 година.

Број 08-3831/9
28.06.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 17, став 3 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр. 38/96,06/02,40/03 и 49/06), член 36, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 05/02), и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.06.2011 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување член на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес

1.За член на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес се именува:

-Александар Јамалов

2.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-3785/10
27.06.2011 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

106.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за разгледување на Информација во врска со настанатиот пожар на ден 15.06.2011 година во ООУ „Стојан Бурчевски-Буридан“ с.Иванковци

Се објавува Заклучокот за разгледување на Информацијата во врска со настанатиот пожар на ден 15.06.2011 година во ООУ „Стојан Бурчевски-Буридан“ с.Иванковци, што Советот на Општина Велес го донесе на II –та вонредна седница одржана на 16.06.2011 година.

Број 08-3654/1
20.06.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02), член 45, став 1 од Статаутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.06.2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за разгледување на Информација во врска со настанатиот пожар на ден 15.06.2011 година во ООУ „Стојан Бурчевски Буридан“с. Иванковци

1. Советот на Општина Велес на вонредната седница одржана на 16.06.2011 година ја рагледа Информацијата во врска со настанатиот пожар на ден 15.06.2011 година во ООУ „Стојан Бурчевски Буридан“ с. Иванковци и при тоа одлучи:

-Советот на Општина Велес се обврзува да му помогне на ООУ „Стојан Бурчевски Буридан“ с. Иванковци, да ја обезбеди целокупната документација за упис на осмооделениците во средните училишта и

-Советот на една од седниците да изврши измена во Буџетот на општината со цел да се обезбедат средства потребни за решавање на настанатиот проблем, до почетокот на новата учебна година и при тоа да изврши набавка на техничка опрема и училишни помагала.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-3593/1
17.06.2011 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

107.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ .“ бр. 5/02), член 23, став 3 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ “ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09 и 97/10), а согласно Барањето бр.08-3788/1 од 27.06.2011 година поднесено од Ѓорѓи Коџабашиев,

Градоначалникот на Општина Велес на ден 27.06.2011 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување на директор на ЈКП „Дервен“ Велес

1. Од директор на Јавното комунално претпријатие “Дервен“ – Велес се разрешува:

-Ѓорѓи Коџабашиев - дипломиран економист од Велес.

2. Именуваниот се разрешува од должноста директор на Јавното комунално претпријатие “Дервен“ – Велес, пред истекот на неговиот мандат поради заминување на друга функција - пратеник во Собранието на Република Македонија од 25.06.2011 година.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 08 - 3788/2
27.06.2011 година
В е л е с

Градоначалник
на Општина Велес,
Горан Петров с,р.

108.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02), член 24-а, став 3 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ “ бр. 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, и 97/10),

Градоначалникот на Општина Велес на ден 27.06.2011 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување на ВД директор
на Јавното комунално претпријатие
„Дервен“ Велес

1.За вршител на должноста директор на Јавното комунално претпријатие „Дервен“- Велес се именува:

- Фиданчо Цековски - дипл. градежен инженер од Велес.

2 .Функцијата Вршител на должноста директор почнува од 26.06.2011 година, и трае до изборот на Директор на Јавното комунално претпријатие „Дервен“ Велес, но не подолго од 6 (шест) месеци.

3. Вршителот на должноста директор ќе ги има сите права и обврски како директорот на ЈКП „Дервен“ Велес.

4.Се задолжува именованиот вршител на должноста директор со разрешениот директор веднаш да извршат примопредавање на правата и обврските во согласност со закон.

5. Ова Решение стапува во сила со денот денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 08 - 3795/1
27.06.2011 година
В е л е с

Градоначалник
на Општина Велес,
Горан Петров с,р.

Бр на акт **Страница**

97	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за издавање под закуп на недвижен имот -објект „Сателитска станица“ сопственост на Општина Велес**	**233**
	О Д Л У К А за издавање под закуп на недвижен имот –објект „Сателитска станица“ сопственост на Општина Велес	
98	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2011 година**	**234**
	О Д Л У К А за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Велес	
99	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за работењето на ЈКП „Дервен“ во периодот од I до III месец 2011 година**	**235**
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештај за работењето на ЈКП „Дервен“ во периодот од I до III месец 2011 година	
100	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за работата со финансиски резултати на ЈПССО „Парк спорт“ за периодот од 01.01.2011 до 31.03.2011 година**	**235**
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештај за работата со финансиски резултати на ЈПССО „Парк Спорт“ Велес за периодот од 01.01.2011 до 31.03.2011 година	
101	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за формирање Комисија за стипендирање на талентирани ученици и студенти**	**236**
	Р Е Ш Е Н И Е за формирање Комисија за стипендирање на талентирани ученици и студенти	
102	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за формирање Комисија за распределба на простории-сопственост на Општина Велес на невладини организации, здруженија на граѓани и фондации**	**236**
	Р Е Ш Е Н И Е за формирање Комисија за распределба на простории сопственост на Општина Велес на невладини организации, здруженија на граѓани и фондации	
103	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за формирање Совет на потрошувачи**	**237**
	Р Е Ш Е Н И Е за формирање Совет за заштита на потрошувачите	

Бр на акт **Страница**

104	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за разрешување член на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес**	**238**
	Р Е Ш Е Н И Е за разрешување член на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес	
105	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за именување член на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес**	**238**
	Р Е Ш Е Н И Е за именување член на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес	
106	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за разгледување на Информација во врска со настанатиот пожар на ден 15.06.2011 година во ООУ „Стојан Бурчевски-Буридан“ с.Иванковци**	**239**
	З А К Л У Ч О К за разгледување на Информација во врска со настанатиот пожар на ден 15.06.2011 година во ООУ „Стојан Бурчевски Буридан“с. Иванковци	
107	**Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на директор на ЈКП „Дервен“ Велес**	**239**
108	**Р Е Ш Е Н И Еза именување на ВД директор на Јавното комунално претпријатие „Дервен“ Велес**	**240**

Издавач: Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00